Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev

# ВРЕМЕНСКА ДИНАМИКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

**15 јануари 2024 (понеделник) – објавување на базата на студии на случај за писмениот дел од испитот**

**Од 22 до 26 јануари 2024 година (од понеделник до петок) – полагање на квалификацискиот тест**

- Спроведување на квалификациски тест - тестот ќе се полага во хартиена форма, а резултатите ќе се добијат по прегледување на шифрарниците со оптички читач. Полагањето ќе биде уредено подетално со Правилник/Упатство на Управниот одбор на Академијата;
- Објавување на резултатите од спроведениот квалификациски тест (Член 40 став 5 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители.
- Право на поднесување на посебен приговор до Комисијата во рок од еден работен ден од денот на објавувањето на резултатите на веб-страницата.
- Право на поднесување на жалба во рок од три работни дена од прием на Одлуката на Приемната Комисија.

**5 феврурари 2024 година (понеделник) – Објавување на резултатите од квалификацискиот тест по приговори и жалби**

- Седница на Приемната Комисија на која се утврдуваат добиените бодови по приговори и жалби.

**Од 15 февруари до 21 февруари 2024 година (од четврток до среда) - полагање на писмениот дел од практичниот испит**

- Практичниот испит има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:
  - писмен дел и
  - устен дел .

- Практичниот испит се полага **најмногу во рок од десет дена од објавувањето на конечните резултати од квалификацискиот тест (**член 45 став 2 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).
- Писмениот дел се состои од испитна задача за решавање на две студии на случај (една од кривичен, а една од граѓански судски предмет) **(**член 45 став 3 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).

  **Период за прегледување на задачите од писмениот дел од испитот.**

**Од 11 до 17 март 2024 година (од понеделник до недела) - полагање на усниот дел од практичниот испит**

- Усниот дел од испитот се спроведува од страна на Приемната комисија во рок од **најмногу седум работни дена по завршувањето на писмениот дел** и истиот се снима (член 45 став 7 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).

**18 март 2024 година (понеделник) - Утврдување и објавување на резултатите од квалификацискиот и практичниот испит**

- Врз основа на добиените резултати од двата дела на испитот, односно нивниот аритметички збир, Приемната комисија изготвува прелиминарна ранг-листа и ја **објавува најдоцна во рок од два работни дена по завршување на полагањето на испитот** за што Приемната комисија составува записник што го потпишуваат членовите на Приемната комисија и секретарот (член 46 став 1 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).

**19 март, 2024 (вторник) – Поднесување на приговор на постигнатиот резултат на тестирањето**

- Кандидат кој смета дека погрешно му е пресметан збирот на бодовите од квалификацискиот тест и практичниот испит има право на приговор до Приемната комисија во рок од **еден работен ден од денот на објавувањето на резултатите на веб-страницата и огласната табла на Академијата** (член 47 став 1 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).

**22 март 2024 (петок) – Приемната Комисија одлучува против приговорите на резултатите од тестирањето**

- Приемната комисија е должна по приговорот да одлучи **најдоцна во рок од три работни дена сметано од денот на приемот на приговорот** (член 47 став 2од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).

**29 март (петок) 2024– Краен рок за поднесување жалба до Управниот одбор**

- Против одлуката на Комисијата, кандидатот има право на жалба до Управниот одбор во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката(член 47 став 3 од Закон за Академија за судии и јавни обвинители).

**02 април, 2024 (вторник) – Управниот одбор одлучува по жалбите на кандидатите**

- Управниот одбор одлучува по жалбите (**во рок од три работни дена сметано од истекот на рокот за поднесување на жалби против одлуките на Приемната комисија,** согласно член 47 став 4 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители);

**Од април 2024 - Почеток на управно судската постапка**

- Против одлуката на Управниот одбор од став, незадоволнот кандидат во рок од три дена од денот на приемот на одлуката може да поведе управен спор пред Управниот суд.
- По тужбата, Управниот суд одлучува во рок од пет дена.
- Против одлуката на Управниот суд е дозволена жалба до Вишиот управен суд во рок од три дена од денот на приемот на одлуката на Управниот суд.
- Вишиот управен суд по жалбата одлучува во рок од пет дена од приемот на жалбата.

**Јуни 2024 – Објавување на конечните резултати на кандидатите кои го полагале испитот и ранг листа на слушатели**

- По правосилноста на одлуките од членот 47 од овој закон Приемната комисија ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го полагале испитот на веб страницата на Академијата.

**Напомена: Бидејќи согласно член 45 став 3 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители и член 24 од новиот Правилник за полагање на приемен испит е предвиден нов начин на полагање на писмениот дел од испитот, однодно се полага преку изработка на пресуди или решение врз база на зададени задачи, ки потоа се прегледуваат од страна на Комисијата, а не електронски како претходно, периодот за прегледување на изработените акти од 21 февруари па до полагање на усниот испит на 11 март е даден ориантационо и може да претрпи измена во зависност од времето кое ќе им биде потребно на членовите на Комисијата да ги прегледаат изработените акти.**